ПРОСПЕКТ

Назив на друштвото: Друштво за производство на предиво и конец „ВЕТЕКС“ акционерско друштво Велес.

veteks@t-home.mk

Адреса: ул. Вардарска бр.50, Република Македонија со седиште во Велес, Ветекс АД Велес според судската регистрација е регистрирано според Законот за трговски друштва во Основниот суд Скопје 1 во Скопје и е запишано според Решение Трег.број 829/98 од 06.01.1999 година.

Котација на акциите на Друштво за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес
на
Официјалниот Пазар на Македонската Берза АД Скопје

До Македонската Берза АД Скопје е доставено барање за котација на акциите на „ВЕТЕКС“ АД Велес на Официјалниот Пазар на берзата. Номиналната вредност на акциите на „ВЕТЕКС“ АД Велес изнесува 51,13 ЕВРА. Барањето за котација се однесува на 30.048 обични акции со право на глас.

Пред котацијата на Официјалниот Пазар на Македонската Берза АД Скопје, со акциите на „ВЕТЕКС“ АД Велес се тргувало на Редовниот Пазар на Македонската Берза.

Покровител на котација

ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ
Ул. Даме Груев бр16, БЦ Палома Бјанка, Скопје

ILIRIKA

Април 2013

ИЗЈАВА
НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА ДРУШТВОТО

Претседателот на Управниот одбор Дејан Галев на издавачот ја прифаќа одговорноста за содржината на овој Проспект:

„Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој Проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на издавачот, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој Проспект".

Проспектот е изготвен согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската Берза на долгорочни хартии од вредност АД Скопје и Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија број 13/2013 година).

Ревизор на годишните сметки „ВЕТЕКС" АД Велес за 2011, 2012 година е ревизорската куќа „Ревизор Бабамов" ТП Струмица .

Покровител на котацијата на „ВЕТЕКС" АД Велес е брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје.

Банки на издавачот:
- Комерцијална банка-300270000008898
- Стопанска банка-200000007227268
- НЛБ Тутунска банка-210042316600147
- ПроКредит банка-380476955001112

Проспектот не претставува ни понуда за продажба, ниту повик за купување на акциите на „ВЕТЕКС" АД Велес. Проспектот не смее да се смета за препорака за купување на акции на „ВЕТЕКС" АД Велес, а секој потенцијален инвеститор се упатува на сопствена проценка на финансиската состојба и работењето на „ВЕТЕКС" АД Велес.

Потпис
_____

1. Податоци за издавачот и капиталот на издавачот

1) Назив и седиште на издавачот:

Друштво за производство на предиво и конец „Ветекс“ АД Велес, ул. Вардарска бр. 50, Велес;

2) Тековна состојба од Трговскиот регистар не постара од три дена:
   - во прилог на проспектот

3) Износот на вкупниот капитал, поодделните родови на акции со нивните главни карактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род:

   - Основна главнина:_____1.536.330 ЕВРА
   - Број на издадени обични акции:___30.048
   - Номинална вредност на 1 акција:__51,13 ЕВРА

4) Одредбите од статутот кои ги регулираат промените во капиталот на издавачот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции;

   - Во Статутот на друштвото од 30.5.2012 година (пречистен текст) предвидени се правата кои произлегуваат од акциите и промените во капиталот во одредбите од членовите 12-18.

5) Промените во структурата на капиталот во последните три години, во смисла на износите на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал:

   - 27.570 обични акции_____91,75%
   - 2.478 приоритетни акции_____8,25%

   Приоритетните акции беа сопственост на ФПИОМ кои со нивната продажба на 03.12.2012 година се конвертираа во обични со што новата состојба е следна:
   - 30.048 обични акции_____100%

6) Износот на сите должнички конвертибилни хартии од вредност, со опис за правилата и процедурите на конверзија;

   - не се издадени конвертабилни хартии од вредност

7) Имињата на акционерите кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас:
   а. Благој Галевски_____37,58%
   б. Катерина Икономова_____14,30%
   ц. Стоиле Митев_____13,57%
   д. Павле Андреев_____6,17%

8) Доколку издавачот поседува мнозинско учество во одредени друштва, краток опис на меѓусебната поврзаност, како и родот и бројот на акциите во сопственост на издавачот:

- Во „ВЕ-КО“ ДООЕЛ Велес, „ВЕТЕКС“ АД Велес има сопственост од 100%.;

9) Ревидирани финансиски извештаи на издавачот и/или консолидирани ревидирани финансиски извештаи на издавачот и неговите зависни друштва, за претходните две години: 2012; 2011;

- во прилог на проспектот

10) Податоци и информации доколку издавачот е во постапка на издавање на акции заради спојувања, поделби, или понуди за преземања други друштва:

- Ветекс АД Велес нема започната постапка за статусни промени;

2. Деловни активности на издавачот.

2.1 Опис на основните дејности на издавачот, наведувајќи ги главните производи и услуги:

Основната дејност на Ветекс АД Велес од која ги остварува приходите е Подготовка и предење на влакна од памучен тип и во Заводот за Статистика е распореден под шифра на дејност - 17.11 која одговара на 13.10 - Подготовка и предење на текстилни влакна според најновата НКД.

Главни производи:

- Конци за хеклање
- Конци за рачна работа
- Конци за везење
- Конци за шиење

2.2 Информација за значајни нови производи:

- Ветекс АД Велес нема извршено значајни промени во своето производство.

2.3 Приказ на приходите од продажба во изминатите три години:

- 2010_____144.963.000 мкд
- 2011_____200.282.000 мкд
- 2012_____193.209.000мкд

2.4 Краток приказ на степенот на зависност (доколу постои) од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки, доколку истите се од голема важност за работењето на издавачот:

- не постојат

2.5 Информации за политиката на развојот и истражување на нови прозводи и постапки, во изминатите три години, доколку се значителни:

- не постојат

2.6 Информации за сите судски или арбитражни постапки, кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба на издавачот:

- Во тек е тужбена постапка пред арбитражниот суд во Москава-Русија во која како тужител се јавува Ветекс АД Велес за предмет побарување за плаќање на испорачана стока. Вредноста на основното побарување изнесува 302.660, 47 ЕУР.

2.7 Бројот на вработени и квалификационата структура во изминатите три години:

Стручна подготовка	2012	2011	2010
ВСС	3	4	4
ВС	2	3	3
ССС	43	44	63
КВ	50	47	47
ПК	-	-	-
НК	16	15	15
Вкупно:	**114**	**113**	**132**

2.8 Опис и вредност на значителните инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва, во последните три години:

Во текот на 2012 година инвестирани се вкупно 165.469 ЕУР во основни средства и тоа:

- Поправки кај градежни објекти_____6.744 ЕУР;
- Ремонт на машини_____4.566 ЕУР;
- Набавка на опрема_____154.159 ЕУР.

Друштвото во последните три години нема вложувано во хартии од вредност

во други трговски друштва.

2.9 Место и позиција на издавачот во гранката (описно):

- Од вкупните остварени приходи во 2011 година на ВЕТЕКС АД Велес, 5.9% се приходи остварени од продукти на предиво и конец на домашен пазар а 80,15% се од продажба на странски пазар.

3. Финансиски податоци

3.1 Информација за следните финансиски податоци за последните три години:

Во 000 денари

	2012	2011	2010
а) вкупни средства	246.978	245.733	252.014
б) вкупни обврски	132.898	134.345	144.742
в) добивка пред оданочување	3.318	4.709	616
г) нето добивка по акција	90	136	4
д) коефициент цена/добивка	10	7	232
ѓ) коефициент цена/книговодствена вредност на акција	0,24	0,25	0,26
е) износ на исплатена дивиденда по акција	0	0	0
ж) дивиденден принос	0	0	0

3.2 Податоци за трговските друштва во кои издавачот има мнозинско учество, а кои може да имаат влијание на проценката на имотот и обврските на издавачот, финансиската состојба или добивката и загубата:

- Во друштвото за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ВЕ-КО ДООЕЛ Велес, „ВЕТЕКС“ АД Велес има сопственост од 100%. Основната главнина на ВЕ-КО ДООЕЛ Велес изнесува 1.528.700 денари. Друштвото е основано на 29.04.2002 година.

3.3 Доколку издавачот има мнозинско учество во други трговски друштва, доставува консолидирани годишни финансиски извештаи;

- „ВЕТЕКС“ АД Велес во прилог на овој проспект доставува консолидирани финансиски извештаи;

3.4 Во консолидираните финансиски извештаи можат да бидат вклучени и друштва во кои издавачот има учество или значајно учество, ако органите на управување на друштвото сметаат дека вклучувањето ќе доведе до поцелосен приказ на имотната состојба и добивката на друштвото со мнозински удел.

- Во консолидираниот годишен финансиски извештај на „ВЕТЕКС“ АД Велес не се влкучени друштва во кој „ВЕТЕКС“ има учество или значајно

учество;

4. Податоци за акциите за кои се бара котација

4.1 Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност:

- обични акции_____30.048;
- номинална вредност на една акција__51,13 ЕУР

4.2 Опис на правата кои им припаѓаат на акциите, а особено:

- право на глас во собранието на друштвото;
- право на испалта на дел од добивката (дивиденда);
- право на исплата на дел од од остатокот на ликвидационата, односно стечајна маса на друштвото.

4.3 Наведување на одредбите од Статутот на друштвото кои се однесуваат на: Собранието на акционери, соопштенија за акционерите, право на глас, дивиденда, ликвидација на друштвото, откуп на сопствени акции, водење на акционерската книга

Одредби од статутот (пречистен текст):

- Свикување и одржување на собрание член 22 до член 25;
- Содржина на јавниот повик за собрание член 25-а до член 27;
- Право на поставување на прашања член 27-а до член 35;
- Удврдување на резултатите од гласањето член 35-а до член 38

4.4 Статистички податоци за тргувањето со акциите на друштвото за период од три години

Датум	Количина	Вредност	Мак.	Мин.	Просечна цена	Вкупно трансакции	% пром.
29.03.2011	1	930	930	930	930	1	0
Вкупно	1	930	930	930	930	1	


Трансакции со акциите на Ветекс АД Велес за период 01.01.2010-31.12.2012
Максимална и минимална цена
1000
900
800
700
600
500
400
300
200
100
0
29.03.2011
Датум
Количина
Мак.
Мин.


Трансакции со акциите на Ветекс АД Велес за период 01.01.2010-31.12.2012
Цена
1000
900
800
700
600
500
400
300
200
100
0
Мак.
Мин.
Просечна цена
Максимална, минимална, просечна цена
29.03.2011

5. Податоци за органите на управување на издавачот

- Име и презиме, деловна адреса и функцијата што ја вршат кај издавачот, членовите на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот, како и податок за основните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач:

	Име и презиме	Деловна адреса	Функција што ја врши/датум на назначување на функцијата	Функција на членовите надвор од работењето на издавачот
1.	Силвана Митревска	Вардарска 50, Велес	Член на надзорен одбор/30.05.2012 г.	Нема
2.	Стоиле Митев	Вардарска 50, Велес	Претседател на надзорен одбор/30.05.2012 г.	Нема
3.	Сузана Стојчевска	Вардарска 50, Велес	Член на надзорен одбор/30.05.2012 г .	Нема
4.	Маја Панова	Вардарска 50, Велес	Независен член на надзорен одбор/30.05.2012 г .	Нема
5.	Ѓоше Митев	Вардарска 50, Велес	Член на управен одбор/30.05.2012 г .	Нема
6.	Благој Галевски	Вардарска 50, Велес	Член на управен одбор/30.05.2012 г .	Нема
7.	Дејан Галев	Вардарска 50, Велес	Претседател на управен одбор/30.05.2012 г .	Нема

- Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу лицата членови во органите на управување:

  Постои меѓусебна поврзаност помеѓу лицата Стоиле Митев и Ѓоше Митев по основ на сродство на деца и родител и помеѓу Благој Галевски и Дејан Галев по основ на сродство чичко и внук.

- Детални податоци за членовите на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот и податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство на горенаведените лица;

  1. **Силвана Митревска**- Родена на 16.05.1963, завршено ССС конфекционер во Р. Словенија. Има работно искуство од 29 години и тоа: во Ветекс АД работи од 1984 година до 2006 година на работно место одговорен работник во СИЦ, а потоа како шеф на трикотажа. Од 19.10.2006 година до 2013 година работи во ВЕ-КО ДООЕЛ на работно место управител.
  2. **Стоиле Митев**- Роден на 20.09.1952 година, завршено средно текстилно училиште во Штип. Има работно искуство од 34 години. Во Ветекс Ад почнал да работи како мајстор-сменоводител, потоа како шеф на предење и кончање, а од 2004 година е на позицијата технички директор.

3. **Стојчевска Сузана-** Родена на 28.02.1970 година, завршена виша техничка текстилна школа во Лесковац. Работно искуство од 18 години во Ветекс АД почнала да работи како сменоводител во погон фарбара, потоа како шеф на фарбара, а од 2010 како раководител на фарбара.
4. **Маја Папова-** Родена на 28.05.1977 година, завршено средно хемиско технолошко техничко училиште во Велес. Во Ветекс АД почнала да работи на работно место предач во погон предилница, а од 2009 година работи како сметководител на погон.
5. **Ѓоше Митев-** Роден на 14.04.1976 година, завршен Електротехнички факултет во Скопје. Работно искуство од 8 години. Првото вработување го започнал во ВЕ-КО ДООЕЛ, а од 24.08.2005 година започнува да работи како референт во комерцијалната служба во Ветекс АД, а потоа како шеф на комерцијална служба, а од 2011 година како комерцијален директор во Ветекс АД.
6. **Благој Галевски-** Роден на 21.01.1939 година, завршен Економски факултет во Скопје. Во Ветекс АД има работно искуство од 34 години. Работел како директор. Работниот однос му престанал во 2005 година по основ на пензионирање. До 2011 година беше претседател на УО на Ветекс АД.
7. **Дејан Галев-** Роден на 24.11.1978 година, завршен Економски факултет во Скопје. Работно искуство од 8 години. Првото вработување го започнал во ВЕ-КО ДООЕЛ. Од 2005 година е вработен во Ветекс АД како референт во комерцијална служба, потоа како комерцијалнен директор, а од 2011 е управител и претседател на УО на Ветекс АД.

- Имињата на друштвата во кои горенаведените лица се членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните 5 (пет) години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер;

Табеларен приказ

- Податок дали горенаведените лица биле членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години;

Табеларен приказ

- Податок дали на некое од горенаведените лица му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот

на работење на издавачот во последните 5 (пет) години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната);

Табеларен приказ

Член во последни 5 години	Силвана Митревска	Стоиле Митев	Сузана Стојчевска	Маја Панова	Ѓоше Митев	Благој Галевски	Дејан Галев
Член во одбор на директори, управен одбор или надзорен одбор или се акционери/содружници во др. друштва	Изјавуваме дека не е член во друго Друштво	Изјавуваме дека не е член во друго Друштво	Изјавуваме дека не е член во друго Друштво	Изјавуваме дека не е член во друго Друштво	Изјавуваме дека не е член во друго Друштво	Изјавуваме дека не е член во друго Друштво	Изјавуваме дека не е член во друго Друштво
Член во одбор на директори, управен одбор или надзорен одбор, против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка	Изјавуваме дека не се членови во такви Друштва	Изјавуваме дека не се членови во такви Друштва	Изјавуваме дека не се членови во такви Друштва	Изјавуваме дека не се членови во такви Друштва	Изјавуваме дека не се членови во такви Друштва	Изјавуваме дека не се членови во такви Друштва	Изјавуваме дека не се членови во такви Друштва
Изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност	Нема изречена мерка за забрана	Нема изречена мерка за забрана	Нема изречена мерка за забрана	Нема изречена мерка за забрана	Нема изречена мерка за забрана	Нема изречена мерка за забрана	Нема изречена мерка за забрана

- Податок дали горенаведените лица имаат сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество.

	Име и презиме	Учество во % во Ветекс АД
1.	Силвана Митревска	38 / 0,13%
2.	Стоиле Митев	4.079 / 13,57%
3.	Сузана Стојчевска	0%
4.	Маја Панова	0%
5.	Ѓоше Митев	0%
6.	Благој Галевски	11.291 / 37,57%
7.	Дејан Галев	831 / 2,76%

Во Проспектот се наведуваат податоци за судир на интереси помеѓу членовите на одборот на директори односно на управниот и надзорниот одбор на издавачот и тоа:

- Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои овие лица ги имаат кај издавачот и нивните приватни интереси или други одговорности. Во случај доколку не постои судир на интереси, да се даде изјава дека не постои;

- Изјавуваме дека не постои судир на интереси помеѓу членовите на надзорниот и управниот одбор.

- Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу овие лица и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот;

  - Не постои

- Детални податоци за постоењето на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членовите на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот ги поседуваат кај издавачот, во определен временски период, за што овие лица се согласиле.

	Име и презиме	Ограничување на располагање со акции
1.	Силвана Митревска	Нема
2.	Стоиле Митев	Нема
3.	Сузана Стојчевска	Нема
4.	Маја Панова	Нема
5.	Ѓоше Митев	Нема
6.	Благој Галевски	Нема
7.	Дејан Галев	Нема

6. Развојни перспективи

6.1 Информација за развојните перспективи во деловното работење, особено во производството, продажбата и трошоците за период од 3 години

- Намалување на трошоците на суровините, материјалите и услугите со заштеда и со супституција на истите со поефтини без при тоа да се наруши квалитетот на готовите производи;
- Изработка на нови производи со употреба на природни влакна;
- Пронаоѓање на нови пазари за пласман на производите;
- Вложување на напори за навремена наплата на побарувањата.

6.2 Основните претпоставки и проценка за движење на добивката во наредните 3 години:

- Друштвото во наредната година очекува минимално зголемување на добивката со оглед на тоа што планира дополнителни вложувања во основни средства за отстранување на тесни грла во производството, во еколошки проекти и проекти за енергетска ефикасност. Со овие вложувања се очекува во среден рок да се зголеми добивката преку намалување на расходите на друштвото.

7. Финансиски извештаи

7.1 Финансиските извештаи ги опфаќат целосните консолидирани годишни ревизорски извештаи за последните две, односно три години, изготвени согласно меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Репубика Македонија, составени од: Ревизорско мислење, Ревидиран биланс на состојба, Ревидиран биланс на успех, Ревидиран извештај за паричните текови, Ревидиран извештај за промените во капиталот и Ревидираните белешки кон финансиските извештаи.

- Во прилог на проспектот

Издавач на акциите

АД ВЕТЕКС Велес

Ул. Вардарска бр. 50

Велес, Република Македонија

Покровител на котацијата

Брокерска куќа Илирика Инвестментс АД Скопје

ул. Даме Груев 16, БЦ Палома Бјанка, мезанин, лок.1

Скопје, 24.04.2013 година

ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ" СТРУМИЦА

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА РЕВИЗИЈА НА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ДЕЛОВНАТА 2012 ГОДИНА НА ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС

Струмица, Март 2013 година

ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ" СТРУМИЦА

До
Акционерите на ВЕТЕКС АД Велес

ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРОТ

Извештај за Консолидираните финансиски извештаи

На Ваше барање ние извршивме економско-финансиска ревизија на приложените Консолидираните финансиски извештаи на ВЕТЕКС АД Велес, кои што го вклучуваат Консолидиран извештај за финансиската состојба заклучно со 31.12.2012. година, како и Консолидиран извештај за сеопфатната добивка, Консолидиран извештајот за промени во главнината и Консолидиран извештајот за готовинските текови за годината која завршува тогаш и Прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на мемаџментот за Консолидираните финансиски извештаи

Менаџментот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на Консолидираните финансиски извештаи во согласност со Меѓународните Стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на Консолидираните финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша обврска и одговорност е да изразиме мислење за Консолидираните финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Економско-финансиската ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и да ја спроведеме ревизијата со цел да добиеме разумна сигурност дали Консолидираните финансиски извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување врз основа на тестови на докази со кои се потврдуваат износите и обелоденувањата во Консолидираните финансиски извештаи. Ревизијата исто така вклучува проценка на користените сметководствени принципи и значајните проценки извршени од страна на менаџментот, а исто така и оценка на севкупната презентација на Консолидираните финансиски извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува разумна основа за нашето мислење.

Мислење

Според наше мислење Консолидираните финансиски извештаи ја претставуваат објективно, од сите значајни аспекти финансиската состојба на ВЕТЕКС АД Велес под 31.12.2012. година, финансискиот резултат, готовинските текови, како и промените во главнината за годината која завршува со тој датум согласно Законските прописи на Република Македонија и Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување.

ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ"
Струмица
27.03. 2013 година

Овластен ревизор
Стојанчо Коцев

ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС

КОМПЛЕТЕН СЕТ НА КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2012 И 2011 ГОДИНА

СОДРЖИНА:

- Консолидирани извештаи за финансиската состојба;
- Консолидирани извештаи за сеопфатна добивка;
- Консолидирани извештаи за готовинските текови;
- Консолидирани извештаи за промените во главнината;
- Белешки кон Консолидираните финансиски извештаи.

Струмица, Март 2013 година

ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
За годините што завршуваат на
на 31.Декември 2012. и 2011. година

(во 000ден.)

	Белешки	31. Дек. 2012.	31. Дек. 2011.
А. СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	10	-	-
Материјални средства (нето)	10	51.890	43.596
Финансиски вложувања		5.443	5.528
Нетековни средства-нето		**57.333**	**49.124**
Тековни средства			
Залихи	11	90.916	104.573
Побарувања од купувачи и поврзани субјекти	12	80.165	81.483
Други краткорочни побарувања	13	18.504	10.526
Финансиски вложувања		-	-
Парични средства	14	60	27
АВР		-	-
Вкупно тековни средства		**189.645**	**196.609**
ВКУПНА АКТИВА - СРЕДСТВА		**246.978**	**245.733**
Б. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ			
Основна главнина	15	98.032	98.032
Законски резерви и реваоризациони		1.576	1.410
Останати резерви		764	764
Акумулирана добивка		11.182	7.806
Добивка за тековната година		2.526	3.376
Загуба за тековната година (-)		-	-
Пренесена загуба (-)		-	-
Вкупно главнина и резерви		**114.080**	**111.388**
В. ОБВРСКИ			
Долгорочни финансиски обврски	16	21.716	5.260
Краткорочни финансиски обврски	18	27.085	51.298
Обврски спрема добавувачите	17	26.587	22.911
Обврски за аванси, депозити и кауции	18	2.150	199
Обврски спрема поврзани субјекти	18	63	221
Останати тековни обврски		-	-
Обврски по даноци, придонеси и др. давачки	18	1.070	1.100
Обврски по основ на учество во резултатот	18	53.356	53.356
ПВР	18	871	-
Вкупно обврски		**132.898**	**134.345**
ВКУПНА ПАСИВА - ГЛАВНИНА,РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ		**246.978**	**245.733**

Лице одговорно за составување
на финансиските извештаи
Цветанка Петровска

Претседател на УО
Галев Дејан

ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА

За годининте што завршуваат на
на 31.Декември 2012. и 2011. година

(во 000ден.)

	Белешки	31. Дек. 2012.	31. Дек. 2011.
Приходи од продажба	**4**	**193.209**	**200.282**
Останати приходи	**5**	**1.819**	**9.546**
Промени во вредноста на залихите		29.614	(12.130)
Материјал и енергија	**6**	87.524	139.194
Бруто плати	**7**	36.592	35.612
Услуги со карактер на материјални трошоци	**8**	16.582	15.076
Амортизација и вредносно усогласување	**8**	5.955	9.163
Други трошоци	**8**	12.872	12.531
Набавна вредност на продадени стоки и услуги	**8**	580	360
Вкупно трошоци на продадени производи, услуги и стоки		**189.719**	**199.806**
Оперативна добивка (загуба)		**5.309**	**10.022**
Приходи од финансирање	**9**	1.409	390
Расходи од финансирање	**9**	(3.400)	(5.703)
Добивка (загуба) од финансирање	**9**	**(1.991)**	**(5.313)**
Добивка (загуба) од редовно работење пред оданочување		**3.318**	**4.709**
Вкупна добивка пред оданочување		**3.318**	**4.709**
Данок од добивката	**19**	**626**	**593**
Нето добивка (загуба) за финансиската година		**2.692**	**4.116**
Вонредни приходи		-	-
Вонредни расходи		-	-
Добивка од вонредни активности		-	-
Данок од добивка од вонредни активности		-	-
Нето добивка (загуба) од вонредни активности		-	-
Останата сеопфатна добивка		-	-
Добивка од ревалоризација на недвижности постројки и опрема		-	-
Курсни разлики од преведување на странско работење		-	-
Промени во објективна вредност на финансиски средства расположиви за продажба		-	-
Промени во објективна вредност на инструменти за хеџирање на паричните текови		-	-
Актуарски добивки/загуби пензиски планови на дефинирани користи		-	-
Удел во останата сеопфатната добивка на придружни друштва		-	-
Данок на добивка на останата сеопфатна добивка		-	-
Нето останата сеопфатна добивка		-	-
Вкупно сеопфатна добивка/загуба за финансиската година		**2.692**	**4.116**
Сопствениците на матичното дрштво		-	-
Неконтролирано учество		-	-
Вкупна расположива сеопфатна добивка/загуба за финансиската година		**2.692**	**4.116**

Лице одговорно за составување
на финансиските извештаи
Цветанка Петровска

Претседател на УО
Галев Дејан

ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИТЕ ТЕКОВИ

За годининте што завршуваат на
на 31.Декември 2012. и 2011. година

(во 000 ден)

	31. Дек. 2012.	31. Дек. 2011.
ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ДЕЛОВНИ (ОПЕРАТИВНИ) АКТИВНОСТИ		
Нето добивка	2.692	4.116
Амортизација	5.401	5.255
Курсни разлики	-	-
Добивка од вложувања	-	-
Расходи од камати	-	-
Побарувања од купувачите	1.318	(2.668)
Краткорочни финансиски вложувања	-	-
Останати побарувања	(7.978)	(3.500)
Активни временски разграничувања	-	-
Залихи	13.657	8.630
Обврски спрема добавувачи	3.676	(14.257)
Обврски за примени аванси	1.951	(5.154)
Обврски по краткорочни кредити и др.финансиски обврски	(24.213)	8.647
Останати тековни обврски	-	(77)
Обврски спрема вработените	-	-
Други обврски	(188)	136
Пасивни временски разграничувања	871	-
Нето готовински одлив (прилив) од деловни активности	**(2.813)**	**1.128**
ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ		
Долгорочни финансиски вложувања	85	(58)
Набавки или оттуѓување на основни средства	(13.695)	(1.443)
Нето готовински одлив (прилив) од инвестициони активности	**(13.610)**	**(1.501)**
ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ		
Обврски по долгорочни кредити	16.456	308
Основна главнина	-	-
Резерви	-	-
Нераспоредена (акомулирана) добивка - неноминиран капитал	-	-
Нето готовински прилив (одлив) од финансиски активности	**16.456**	**308**
Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти	**33**	**(65)**
Пари и парични еквиваленти на почетокот на годината	**27**	**92**
Пари и парични еквиваленти на крајот на годината	**60**	**27**

Лице одговорно за составување
на финансиските извештаи
Цветанка Петровска

Претседател на УО
Галев Дејан

ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
За годината што завршува на
на 31. Декември 2012. година

(во 000 ден)

	Белешка	Запишан капитал	Добивка/загуба		Останата сеопфатна добивка				Други резерви		Вкупно	Неконтролирано учество	Вкупна главнина
			Акумулирана	За годината	Преведување на Странски работења	Ревалоризација на мат./немат. средства	Финансиски средства расположиви за продажба	Останати резерви	Законски	За сопствени акции			
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14
СОСТОЈБА НА 01.01.2012 ГОДИНА		98.032	11.182					764	1.410		111.388		111.388
Исправка на грешки во претходен период													
Ефекти од промени на сметководствени политики													
Повторно прикажана состојба на 01.01.2012		98.032	11.182					764	1.410		111.388		111.388
Сеопфатна добивка/загуба за финансиската година													
Добивка/загуба за финансиската година				2.692							2.692		2.692
Останата сеопфатна добивка/загуба за периодот													
ВКУПНО СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА													
Трансакции со акционерите признаени во главнина и резервите													
Издвојување на резерви				(166)					166				
Дивиденди													
Откупени сопствени акции													
Продадени сопствени акции													
ВКУПНО ТРАНСАКЦИИ СО АКЦИОНЕРИТЕ, ПРИЗНАЕНИ ВО ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИТЕ													
СОСТОЈБА НА 31. ДЕКЕМВРИ 2012		98.032	11.182	2.526				764	1.576		114.080		114.080

Основна главнина (или вкупниот капитал) за да биде секогаш искажан во номинална вредност на запишаниот капитал, ревалоризацијата с е искажува одделно.

Лице одговорно за составување на финансиските извештаи
Цветанка Петровска

Претседател на УО
Галев Дејан

БЕЛЕШКИ КОН КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА 31. ДЕКЕМВРИ 2012. И 2011. ГОДИНА

1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ДРУШТВОТО

Ветекс АД Велес според судската регистрација е регистрирано според Законот за трговски друштва во Основниот суд Скопје 1 во Скопје и е запишано според Решение Трег.број 829/98 од 06.01.1999 година.

Според образец за Тековна состојба издаден од Централен Регистар на Р.М и белешка број 15.1 кон Консолидираните финансиски извештаи, структурата на главнината е Акционери - физички лица 100,00 %

Основната дејност на Ветекс АД Велес од која ги остварува приходите е 13.10 - Подготовка и предење на текстилни влакна, според најновата НКД.

Во статутот на Ветекс АД Велес донесен од страна на Собранието на АД се утврдени одредби кои го регулираат целокупното работење на АД како и органите на управување и раководење и тоа:

- Собрание на друштвото;
- Управен одбор:
- Надзорен одбор.

2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

2.1. Основа за подготовка

Консолидираните финансиски извештаи изработени од страна на менаџерскиот тим се изготвени врз основа на МСФИ и Македонските прописи кои ја одразуват целокупната примена на Законот за Трговски друштва, а посебно поглавјата кои ја регулираат сметководствената материја и финансовото работење, како и другите позитивни законски прописи кои се однесуваат на примената на сметководствените принципи.

Овие Консолидирани финансиски извештаи ги прикажуваат средствата, обврските и главнината кои се однесуваат на работењето на друштвото. Трансакциите се прикажани врз основа на метод на набавна вредност. Веродостојноста е поткрепена врз основа на принципот на континуитет т.е. фактот дека друштвото ќе продолжи да работи и во иднина.

Во рамките на пропишаните сметководствени политики субјектот конзистентно одлучува за истите во утврдениот пресметковен период.

Заради се поголемото барање на корисниците на Консолидираните финансиски извештаи за поквалитетни информации врз чија што основа ги донесуваат своите деловни одлуки освен основните Консолидираните финансиски извештаи се поголема примена имаат и задолжителните забелешки кон Консолидираните финансиски извештаи како и низа други барања за објавувања. Затоа Консолидираните финансиски извештаи онака како што се пропишани со нашите прописи не би можеле да ги задоволат потребите на широкиот круг на корисници. Посебна цел на нашите Консолидираните финансиски извештаи е известувањето за даночни потреби.

Затоа според Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување покрај постоечките Консолидираниот извештај за финансиската состојба, Консолидираниот Извештај за сеопфатна добивка, Консолидираниот извештај за промените во главнината, Консолидираниот извештај за готовинските текови АД задолжително ги изготви и белешките кон истите (сметководствени политики и објаснувачки белешки).

Основни сметководствени претпоставки според кој субјектот ги изготвува Консолидираните финансиски извештаи се:

- пресметковна основа во сметководството;
- континуитет;
- конзистентност.

2.2. Подготовки во услови на инфлација

При изготвување на годишната сметка за 2012. година и наредните години, не постои законска обврска за спроведување на задолжителна ревалоризација. Според МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема, основно е почетното признавање како средство на недвижностите, постројките и опремата тие да се искажуваат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби од оштетување.

МСС 16, покрај основната постапка за почетно признавање на средствата дозволува и алтернативна постапка според која по почетната постапка средствата треба да се искажат по ревалоризиран износ кој претставува објективна вредност на датумот на ревалоризацијата намалена за последователната акумулирана амортизација и последователната акумулирана загуба од оштетувања.

Менаџментот е со убедување дека Консолидираните финансиски извештаи на друштвото би требало да го рефлектираат ефектот од инфлацијата, а со тоа и ефектот од промените во куповната моќ. Поради многу нискиот коефициент на пораст на цените на индустриските производи менаџментот не се определи да ја примени алтернативната постапка.

2.3. Споредбени показатели

При изготвувањето на Консолидираните финансиски извештаи за 2012. година, Друштвото го испочитувал принципот на конзистентност и споредливост на податоците од 2012. година со податоците во Консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2011. година.

2.4. Попис на средствата и обврските

Друштвото извршило усогласување на книговодствената со фактичката состојба која ја утврдил со попис на сите средства и извори на средства со 31.12.2012. година.

НАПОМЕНА:

Консолидираните финансиски извештаи за 2012. година ги содржат следните правни субјекти :

а) ВЕТЕКС АД Велес; и

б) Друштво за вработување на инвалидни лица, производство, трговија и услуги ВЕ-КО ДООЕЛ Велес

3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

При изготвувањето на Консолидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31.12.2012. година врз принципот на конзистентност беа применети следните сметководствени политики.

3.1. Приходи од продажба

Приходите од продажба на производи се признаваат кога значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот и не постои значајна неизвесност за наплата и можно враќање на производите.

Цените на готовите производи не се лимитирани и слободно се формираат на пазарот претежно на странскиот. Тие се искажуваат по планска цена на чинење на готовите производи.

3.2. Приходи и расходи од камати и курсни разлики

Приходите и расходите од камати и курсни разлики Друштвото посебно ги објавува во Консолидираниот извештај за сеопфатна добивка и се признаваат за периодот за кој се однесуваат. Овие приходите и расходите Друштвото ги стекнува во работењето со неповрзани субјекти.

3.3. Материјални средства

Недвижностите, постројките и опремата се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и акумулираните загуби од оштетување.

Амортизацијата се пресметува по пропорционална метода со примена на минимални стапки согласно одредбите на ЗТД, новата уредба за амортизација и номенклатурата на средствата за амортизација и годишни стапки на амортизација за целите на одаточувањето.

Објективната вредност на зградите вообичаено е нивната пазарна вредност. Оваа вредност се определува со проценка која нормално ја извршуваат професионално квалификувани проценители.

Објективната вредност на ставките на постројките и опремата вообичаено е нивната пазарна вредност определена со проценка.

Кога не постои доказ за пазарна вредност поради специфичната природа на постројките и опремата и поради тоа што овие ставки ретко се продаваат, тие се вреднуваат според нивните амортизирани трошоци за замена.

3.4. Финансиски вложувања

Вложувањата во акции или удели се искажуваат според трошокот на стекнување, без трошоците за камати ако се купат на кредит . Акциите и уделите се водат според метод на трошокот на вложување.

Пазарните хартии од вредност (наменети за тргување) се мерат според тековната пазарна цена (берзанска цена).

Непазарните хартии од вредност (расположиви за продажба) се мерат според проценета објективна вредност.

Добивката или загуба на финансиското средство расположиво за продажба се вклучува во нето добивката или загубата за периодот за кој се јавува.

Останатите долгорочни вложувања се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно договорот.

Во Консолидираниот финансискиот извештај, Консолидираниот извештај за финансиската состојба финаскиските вложувања се објавени како финансиски вложувања - долгорочни.

3.5. Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачи и останатите побарувања се евидентираат по номинална вредност намалена за исправката на побарувањата кои се смета ат за ненаплатени.

Ненаплатените побарувања како и побарувањата од каматите што произлегуваат од нив се базираат на проценката на менаџментот за можноста за нивна наплата.

Тужените побарувања се отпишуваат и не претставуваат основица за зголемување на данокот на добивката.

Сите побарувања кои не влегле во стечајна маса према друштва во стечај целосно се отпишуваат и не влегуваат во основица за зголемување на данокот од добивка.

Сите останати отписи ја зголемуваат даночната основица.

3.6. Залихи

Суровините и материјалите, друштвото ги евидентира по плански цени.

Суровините, материјалите и стоките се евидентираат користејќи го методот на плански цени корегирани за отстапувањата книжени на сметка 319 и сметка 669. Овој метод конзистентно се применува во пресметковните периоди.

Трошоците на производствотото и готови производи се искажани по метод на плански цени за утврдување на цената на чинење по стварни цени се пресметува преку отстапувањето на сметката 609 и 639.

3.8. Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти кој субјектот ги објавил во Консолидираниот извештај за финансиската состојба вклучуваат пари во готово во благајна (денарска и девизна) и депозитни парични средства на жиро сметка и девизна сметка.

3.9. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачи се евидентираат според номинална вредност.

3.10. Долгорочни и краткорочни обврски за кредити и други обврски

Обврските за кредити и други обврски почетно се евидентираат според нето примените средства.

3.11. Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во периодот во кој се објавени.

3.12. Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Данокот од добивка се пресместува по пропишена стапка 10% на непризнати ставки според Даночен Биланс за оданочување на непризнаени расходи.

3.13. Странски валути

